Република Македонија
Министерство за економија

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 16-11-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 41 | 7152 | 3 | |

Министерство за економија
Бр. 29-5437/3
Скопје 15 11 16 година
Јуриј Гагарин, 15
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3093408
Факс: (02) 3084472
www.economy.gov.mk
e-mail: info@economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20100131300073

ДО:

ЗДРУЖЕНИЕ ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШЕНЕЛ – МАКЕДОНИЈА

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Одделение за соработка со невладини организации

**Предмет: Произнесување по однос на предлог за политики**

Почитувани,

Согласно објавениот повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година, Министерството за економија го разгледа приложениот предлог од Здружението Транспаренси Интернешенел-Македонија изработен како резултат на истражување на Националниот систем на интегритет во рамките на проектот „Зајакнување на Системот на национален интегритет во земјите од Западен Балкан и Турција и следење на развојот на анти-корупциските напори“.
Од предлогот кој се однесува на ефективни механизми за отчетност, интегритет и етичко однесување на министрите и функционерите на извршната власт, воведување алатки за зголемување на транспарентноста на јавното трошење, измени на Законот за јавни претпријатија, воведување централизирана координативна единица која ќе известува во врска со јавните претпријатија итн., согласно надлежностите, го даваме следното мислење.
Предлогот за измени на Законот за јавни претпријатија во насока на воведување централизирана координативна единица која ќе известува во врска со јавните претпријатија, не е предмет на уредување на овој закон, со укажување дека прашањата во врска со антикорупциското работење и известување од страна на јавните претпријатија по својата содржина се предмет на регулирање на законодавството од соодветната област.

Со почит,

МИНИСТЕР
Driton Kuqi

Република Македонија
Министерство за економија

Изработил: Софија Кузмановска, Олгица Д.Динова
Контролирал: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ, Билјана Мицковска
Одобрил: Блерим Златку
Согласен: Анета Димовска